КООПЕРАЦИЈА

www.kooperacija.info

# УМЕТНОСТ И/ИЛИ ПОЛИТИКА:
## ДВОЈНОТО КОДИРАЊЕ КАКО ПРЕДИЗВИК ИЛИ ПАРАДОКС?

Јавна дискусија

Локација: Туристички сојуз на Скопје, ул. Даме Груев, бл.3, бр.5 (мезанин), Скопје
Почеток: 17. 03. 2013, недела / 12:00 ч.

Учесници: Проф. д-р Небојша Вилиќ, историчар на уметност
М-р Сафет Ахмети, историчар на уметност
М-р Харалд Шенкер, аналитичар

Модератор: Владимир Јанчевски

Целта на оваа дискусија е да се продолжи со сè почестите обиди да се дефинира состојбата во која се создава и се изложува современата уметност, да се направат дополнителни напори за анализа на причините за сè поодлучно делување во јавниот простор, за можностите и ефектите од проактивниот однос на уметникот, за активната улога на уметноста во општеството како алтернативен валиден креативен дискурс кој може сериозно да придонесе во развојот на општеството, за разликите помеѓу делувањето во и вон институциите во контекст автономноста на уметникот и на уметничката продукција и да се отворат прашања за начините преку кои доминантните општествено-политичките дискурси отворено или скриено ги маргинализираат, релативизираат или поништуваат претпоставените ефекти од делувањето на уметниците.

Во услови на голобална економска и политичка криза, сметаме дека е важно да се постави прашањето за односите помеѓу уметноста и политиката, за потребата од поодлучно делување во услови на различни видови ограничувања. Во современата политичка теорија која ја истакнува важноста на јавниот простор за развојот на демократијата, сè повеќе се свртува вниманието кон уметноста, но не секогаш нејзината привилегирана улога е доволно прецизно дефинирана. Оттука се наметнува и едно сериозно прашање: Дали после повеќедецениски медитации за крајот на уметноста (Данто), крајот на историјата на уметноста (Белтинг), крајот на теоријата за уметноста (Баргин) и крајот на светот на уметноста (Морган), уметноста е сериозно соочена со нејзината трансформација не во филозофија, туку во политика?

КООПЕРАЦИЈА, Март 2013




**КООПЕРАЦИЈА**
се заблагодарува на Бојана Јанева-Шемова
и Туристички сојуз на Скопје
за отстапениот простор.

*КООПЕРАЦИЈА е самофинансирана група на автори отворени за соработка со други домашни и странски уметници.